**ПУ-ПОД-БРО**-01 **Број 02-2782/6 од** 27.05.2010

# Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на посредници во осигурување (брокери)

ВОВЕДНА ОДРЕДБА
Член 1

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на професионална одговорност (ОУ-ПОД-01), освен во делот кој е поинаку определен со овие услови.

ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ
Член 2

(1) Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања на нарачателите на услуги, кои се последица на стручна грешка на осигуреникот и за која осигуреникот одговара врз законска основа.

НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ
Член 3

(1) Осигурувањето, покрај неосигурените опасности одредени во Општите услови за осигурување на професионална одговорност, не ја покрива одговорноста и за оштетни побарувања:
1) како последица на избегнување, испуштање или заборавање на должноста, осигуреникот да му ја открие на нарачателот секоја правна и економска поврзаност што ја има осигуреникот со осигурувачот
2) за штети што ке му настанат на било кое осигурително друштво како нарачател на услугите или по било која друга основа
3) за штета што ја предизвикало трето лице на кого осигуреникот му овозможил вршење на дејност врз основа на неговата дозвола за вршење на дејноста (позајмување на печат и сл.)

Овие Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на посредници во осигурување ( брокери) се донесени на 25 -та седница на Одборот на директори на Друштвото, одржана на 26.05.2010 година и се применуваат од 01.01.2010 година.